# ЛАФ - МУАБЕТ



Француског фотомодел Себастијан Андреу секогаш е во центарот на вниманието на дизајнерите и на критичарите. Зад неговото име се забележани соработките со најпрестижните марки, вклучувајќи ги Версаче, Валентино и Жил Сандер.





Шпанскиот убавец Андрес Валенкосо, чија кариера вртоглаво почна да оди по нагорна линија штом го напушти малото гратче Тоса дел Мар и дојде во "Големото јаболко", веќе подолго време е заштитно лице на најеминентните модни куќи "Луи Витон" и "Лореал", а неодамна соработуваше и со Џенифер Лопез.

Иан Веб, растејќи во северен Јоркшир и работејќи на градилиште, никогаш не помислил дека животот ќе го однесе толку далеку - да работи за најпознатите модни куќи ширум светот.

## КРАЛЕВИ НА МОДНАТА СЦЕНА






Додека супермоделите Жизел и Адријан Лима се имињата кои први ни паѓаат на памет штом ќе помислиме на бразилската убавина, постои уште еден совршен пример на сцената - машкиот модел Бруно Сантос. Тој соработува со Версаче и со Армани, а од неодамна оствари соработка и со Мила Јовович.





Главниот модел на "Форд" е Белгијанецот Михаел Гандолфи.

Подготвила:
**Ружица САМОКОВЛИЈА БАРУХ**